ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

+389 (0)2 322 66 55
https://www.gazibaba.gov.mk
info@gazibaba.gov.mk

# ПРИРАЧНИК

## ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ, ДОГРАДБА И НАДГРАДБА

ВО СОРАБОТКА СО

ЗЕЛС

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

## КАКО ДО Е-ДОЗВОЛА ?

Барателот (инвеститорот) поднесува барање во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk за издавање на одобрение за градење, доградба и надградба. Начинот на користење на информацискиот систем е-одобрение за градење е опишан во упатството за подносители кое се наоѓа на www.gradezna-dozvola.mk.
Потребна документација која се доставува кон барањето е:
- уплата од 1550 ден.(за одобрение за градење) или 1050 ден.(за доградба или надградба) за административна такса на следната жиро сметка:

Назив на примачот: Трезорска сметка
Сметка: 100000000063095
Банка на примачот: Народна банка на РМ
Уплатна сметка: 840-177-03182
Цел на дознака: административни такси
Приходна шифра: 722315
Програма: 00

## ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА :

- заверен архитектонско-урбанистички проект, доколку со урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација е предвидена изработка на овој проект,
- заверен идеен проект доколку истиот претходно е одобрен
- извод од урбанистички план
- доказ за право на градење
- геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште.
- основен проект со извештај за извршена ревизија
- согласности, мислења, потврди, решенија и друга документација пропишани со Законот за градење во зависност од типот и намената на објектот за кој се бара одобрение за градење.

По комплетирање на барањето, во зависност од видот на објектот се бараат потребните согласности, мислења или записници од надлежните институции (ЕВН, ЈП Водовод и канализација, Топлификација, МВР, Дирекција за заштита и спасување, АЕК).

## ШТО ПОТОА ?

Откога ќе се добијат позитивни мислења од горенаведените институции, се заверува проектот и се праќа до надлежниот орган за пресметка на надомест за уредување на градежно земјиште. Откако инвеститорот ќе го плати или уреди надоместокот, надлежниот орган издава одобрение за градење, доградба или надградба. Воедно се известуваат непосредните соседи за издаденото одобрение. Доколку соседите не поднесат жалба во рок од 15 дена, одобрението станува правосилно.
Примерок од правосилното одобрение за градење се скенира и прикачува во информацискиот систем е-одобрение за градење.
По правосилноста на Одобрението за градење во рок од 3 дена општината доставува правосилно одобрение и заверен основен проект до АКН заради прибележување и предбележување во јавната книга на недвижности по електронски пат.
По правосилноста на Одобрението за градење во рок од 3 дена општината доставува правосилно одобрение за градење и до надлежниот градежен инспектор.